# ВКЛУЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ИНВАЛИДНОСТ ВО АКТИВНОСТИТЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

**Александар Туфекчиевски[1], Бранимир Јовановски[2]**
**[1]Факултет за физичка култура – Скопје, [2]Федерација за спорт и рекреација на инвалиди на Македонија – Македонски параолимписки комитет**

**АПСТРАКТ**

Имајќи ги предвид значењето и организацискиот модел на училишниот спорт во Република Македонија, перспективите за развој на спортот за инвалидизирани лица може да се побараат и во овој систем каде учениците на спортските натпревари ги бранат боите на своите училишта. Со мала координирана активност на надлежните институции, без посебни потешкотии инвалидизираните ученици може да се вклучат во класичниот систем на натпревари во училишниот спорт.

Спортот или пошироко физичката култура како цивилизациска придобвка претставува моќно средство за човековиот развој. Во отсуство на физичка активност, особено кај младата генерација, психофизичиот развој се одвива во неповолни услови, што е елементарна причина за создавање на повеќе телесни деформитети и намалување на општата отпорност. Физичкото образование и спортската активност во развојниот период на човекот се природни потреби за неговото нормално оформување, така што доколку во овој период се пропушти систематско вежбање, подоцна по завршување на телесниот развој, загубеното не може да се поврати. За остварување на тоа, организираниот училишен спорт од најмладата возраст претставува реална потреба во општествениот систем. Исто така, тој е вистински темел за развој на спортот каде остварувањето на спортските резултати е од особена важност, а гледано од поширок социолошки аспект училишниот спорт е и ефикасно превентивно средство во борбата против пороците.

Оваа генерална констатација е поврзана и со значењето на раното вклучување на учениците со инвалидност во активностите на училишниот спорт и физичкото образование во основните и средни училишта. Особено, од психолошки и социолошки аспект многу е важно да овие ученици не се чувствуваат отфрлени од средината, односно со други зборови да имаат еднакви права со сите други, бидејќи тоа е основен услов за создавање на нови содржини во животот.

Гледајќи го училишнот спорт како основа на пирамидата од системот спорт, тој без сомнение претставува стратеашки сегмент за развој на севкупниот спорт во нашата земја. Основните предулови за успешно функционирање на училшниот спорт се стручнот кадар, спортските објекти во училиштата, интересот на учениците за спортување и се разбира организрањето на воннаставните активности. Организирањето на училишниот спорт започнува со стручните активи на наставниците по физичко и здравствено образование во основните, односно со професорите по спорт и спортски актвности во средните училишта, кои во суштина го претставуваат стручниот тим на училишни спортски друштва, односно клубови. Потоа, училишните спортски клубови заради вклучуваење во системот на натпревари надвор од училиштето се здружени во општински организации за училишен спорт, кои се членки во Федерацијата на училишен спорт на Македонија. Ваквиот начин на организирање го овозможува класичнот систем на натпревари почнувајќи со меѓуодделенските, преку општинските, зонските, меѓузонските и завршувајќи со државните првенства и училишните олимписки игри, кои во непарните години се одржуват за основните училишта, наречени Мали олимписки игри, а во парните години за средните училишта, наречени Гимназијади.

Имајќи ги предвид значењето и организациската поставеност на училишниот спорт перспективите за развој на спортот за инвалидзирани лица може да се побараат и во овој систем, каде инвалидизираните ученици ќе ги бранат боите на своите училишта. Така што, тоа е добра можност и за помасовен и за поквалтетен развој на целокупниот спорт на лицата со инвалидност.

Федерацијата на училишен спорт на Македонија во соработка со Федерацијата за спорт и рекреација на инвалиди на Македонија – Македонски параолимписки комитет, како и со другите организации кои организираат други специфични спортски натпревари со инвалдизирани лица може во својот класичен систем на натпревари без посебни потешкотии да ги вклучи инвалидизираните ученици, особено во индивидуалните спортови. Се надеваме дека оваа иницијатива за поорганизирано вклучување на учениците со инвалидност во активностите на училишниот спорт ќе биде поддржана од Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт, како и од студентскиот,

односно универзитетскиот спорт, а особено од Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност на Република Македонија.

# INCLUDING STUDENTS WITH DISABILITY IN SCHOOL SPORT ACTIVITIES

**Aleksandar Tufekchievski[1], Branimir Jovanovski[2]**
**[1]Faculty of Physical Education – Skopje [2]Federation for sport and recreation for the disabled of Macedonia – Macedonian Paralympic Committee**

**ABSTRACT**

Considering the meaning and the organisational model of the school sport in the Republic of Macedonia, the perspectives of the development of the sport for the disabled persons can be searched also in this system where in the sport competitions the students are defending the colours of their schools. With a little coordinate activity of the authorized institutions, without some special dificulties, the disabled students can be including in the classical system of competitions in the school sport.



**Александар Туфекчиевски, д-р**
**Институција:** Факултет за физичка култура – Скопје
**Адреса:** ул. Железничка бб, 1000 Скопје
**Е-пошта:** biotufek@yahoo.com
**Веб страна:** www.biomehanika.com.mk

**Бранимир Јовановски**
**Институција:** Федерација за спорт и рекреација на инвалиди на Македонија – Македонски параолимписки комитет